ИЗЛОЖБИ

# ФОТОМОНТАЖАТА И УМЕТНИЧКИОТ ИЗРАЗ

***„Колажи“, изложба на Хана Хех во Музејот на современа уметност во Скопје, организирана во соработка со Институтот за односи со странство (ифа) од Штутгарт и Гете институтот од Белград***

Хана Хех (1889-1978), во денешните прикази на историјата на уметноста, е најпозната како зачетник на фотомонтажата, иако работи и со техниките масло на платно и акварел, и како единствен женски уметник на авангардниот дадаизам. Дадаизмот, кој како движечка сила што влијае врз сите подоцнежни уметнички текови и се карактеризира со нихилизам, интелектуална анархија, еклектицизам т.е. мешање стилови, или, подобро речено, прокламира провокативен антистил, ја промовира употребата на колажот и асамблажот. Хана Хех ѝ припаѓа на берлинската „Дада“, која поради тешката и специфична социјална, економска и политичка состојба во Германија по Првата светска војна, е повеќе политички ориентирана. Таа своите критички ставови ги изразува преку колажи - фотомонтажи, на почетокот со дадаистички пристап, за подоцна да се одвои од нив и да тргне по индивидуален уметнички пат, развивајќи сопствена уметничка експресивност, која со несмален уметнички интензитет егзистира на берлинската уметничка сцена и во шеесеттите години.

На оваа ретроспективна изложба, Хана Хех е претставена со 32 колажи (со релативно мали димензии) од различни фази на нејзиното творештво. Овие дела се создавани во периодот од 1918 до 1967 година и во нив воедно се очигледни повеќе стилски определби на т.н. стилска колажистка, како и разликите во нејзините творечки фази. Преку почетната фаза на дадаистички колажи, исполнети истовремено со свежина на изразот и гротески со критика на општествените појави, Хех преминува кон надреалистички симболи во приказот на сонииштата и поетските визии, за кон крајот на своето творештво повторно да се наврати кон почетниот начин на изразување. Во изложените дела е очигледна нејзината наклонетост кон употребата на традиционалните женски материјали, но и кон креирање слики со политичка и социјална сатира. Желбата е да се избришат цврстите граници наметнати од свеста, потоа со сечење и поврзување - “монтирање“ на елементите земени од книги, списанија или реклами, да се создаде поинаков начин на гледање на реалноста. Генерално гледано, таа користи различни изразни можности по принципот на мешање/комбинирање на исечоците заради критика на општествената декаденција на Германија и рефлектирање на состојбата на жената во конвенционалноста на нејзиното време.



Иако почетоците на кариерата на Хана Хех датираат од дваесеттите години на овој век, свежината и луцидноста на нејзиното творештво со несмален интензитет се чувствуваат и денес, а оваа изложба претставува можност, преку творештвото на оваа интересна и несекојдневна авторка, поблиску да се запознаат почетоците на фотомонтажата и нејзините можности како средство за уметничко изразување, а воедно и дел од придобивките на едно од највлијателните движења во современата уметност.

Маја ЧАНКУЛОВСКА